ЗДРУЖЕНИЕ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ – ШТИП

Фотокопирањето е извршено на 25.12.24 година
во Централниот регистар на Република Македонија
Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во
збирката на прилози.
Референт

# С Т А Т У Т

ул. 8 април Бр. 28 - Штип
тел: 078-473-876

Штип, јануари 2022

Врз основа на членот 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл.весник на РМ бр.52/2010), и членовите 36 и 37 од Статутот на ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ – ШТИП, Собранието на Здружението ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ – ШТИП на седницата одржана на ден 9.1.2022 година го донесе следниот:

# **С Т А Т У Т на**

## Здружението ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ – ШТИП

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ – ШТИП (во понатамошниот текст: одредот) е воспитно, доброволно, неполитичко и самостојно здружение на граѓани за деца , млади и возрасни , отворено за сите, без разлика на нивната верска, национална или расна припадност.

Одредот својата функција ја остварува во согласност со Уставот на РМ, Законот, Статутот и начелата и принципите на Програмата на одредот и Сојузот на Извидници на Македонија (СИМ) и ги прифаќа принципите и методите на Светската Организација на Извидничкото Движење (WOSM).

**Член 2**

Одредот е член на Сојузот на Извидници на Македонија ( во понатамошниот текст СИМ) и како таков рамноправно учествува во неговата работа.

Името на одредот, меѓународното име, знакот и знамето на територијата на РМ се заштитени и никој не може да ги користи без соодветно членство во одредот.

**Член 3**

Одредот ги остварува целите, правата, интересите и уверувањата за кои е основано преку реализација на програмски активности.

**Член 4**

Одредот се основа на неопределено време.

**Член 5**

Одредот во правниот промет со трети лица истапува во свое име и со своја сметка.

**Член 6**

Правата, обврските и задачите на одредот се уредуваат со Статутот и други акти во согласност со овој Статут.

**Член 7**

Одредот делува на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 8**

Одредот е непрофитна организација.
Одредот не се основа за стекнување со добивка.
Одредот може да врши дејности со кои може да се стекне со добивка, согласно со целите утврдени со овој Статут.

Ако во работењето на одредот се оствари добивка, таа ќе биде употребена за остварување на целите утврдени со Статутот.

Остварената добивка од ставот (2) на овој член, не може да се распределува помеѓу членовите, членови на органите, вработените или кое било друго лице поврзано со нив.

**Член 9**

Одредот не врши политички активности и не го користи својот имот и средства за остварување на цели на политичките партии.

**Член 10**

Одредот остварува соработка со други одреди и здруженија на граѓани, а може да се здружува во сојузи на здруженија на граѓани и други форми на здружување и да се зачленува во меѓународни организации.

Одлука за здружување односно зачленување како и за раздружување односно истапување од членство донесува собранието на одредот.

**Член 11**

Одредот има знак. Знакот на Одредот е во кружен облик и го има следниот изглед: во средината има шатор пред кој има логорски оган. Има планини со темно зеленикава боја и зелена ливада. На ливадата има патека која води до тврдината „ Исар“. Сето тоа е заокружено со црна трака на која со е напишано целосното име на Одредот „ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ - ШТИП“ Начинот на употреба и користење на знакот е регулиран со посебен Правилник кој го донесува Старешинството.

**Член 12**

Знамето на Одредот е со правоаголен облик во зелена боја и во средината стои логото на Одредот а околу него стои натписот „ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ- ШТИП“ Знамето е со размер 2:1 (метар).
Одредските организациски единици имаат свои знамиња кои се опфатени со правилникот за знамиња на СИМ.

**Име и седниште на здружението**

**Член 13**

Името на одредот гласи: Здружение ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ – ШТИП

Скратено име на одредот е: ИО Еквинокс.

Името на одредот на англиски јазик : Scout Group Equinox Scout - Shtip

**Член 14**

Седиштето на одредот е на улица „8 април Бр.28".

Промената на името и седиштето на одредот се врши со одлука на Собранието на одредот .

**ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 15**

Печатот на одредот е со тркалезен облик. Во средината на печатот се наоѓа знакот на Одредот, а околу него стои кружен опис во два дела.
Во надворешниот, поголемиот круг стои: Сојуз на Извидници на Македонија, а во внатрешниот, помалиот круг стои: Извиднички Одред ЕКВИНОКС Штип.

**Член 16**

Одредот има штембил во правоаголна форма, во кој во првиот ред испишано е Сојуз на извидници на Македонија, а во втор ред Извиднички Одред ЕКВИНОКС, на левата страна се наоѓа знакот на одредот. Штембилот има простор за назначување на архивскиот број и датумот на архивирањето, сето со кирилично писмо на Македонски јазик.

**ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МИСИЈА НА ОДРЕДОТ**

**Член 17**

Мисијата на одредот е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградба на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

ЦЕЛТА на одредот е да придонесува во развојот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.

Употребувајќи го Извидничкиот Метод, одредот настојува да ги охрабри младите луѓе да:

1 научат да се почитуваат себе си и другите, светот во кој живеат и околината која ги опкружува;
2 имаат јачина на карактерот за да го разликуваат правилното од погрешното и да го разберат влијанието на нивните делувања на себе си и на другите;
3 ги слушаат и почитуваат другите, нивните идеи и верувања;
4 ја покажат смелоста што им е потребна за да се придржуваат на принципите на нивното верување, но исто така да имаат понизност да го променат истото врз основа на забелешките;
5 бидат јаки кога се во невоља, но и да бидат желни да побараат помош или совет кога им е потребно;
6 реагираат на неправда и да помогнат во изградбата на праведно општество;
7 имаат храброст да ги зграбат можностите и да ги следат своите сништа;
8 бидат способни да смислат идеи и да направат план во кој ќе се видат себе си;
9 пробаат да го дадат најдоброто од себе и никогаш да не се плашат од неуспех;
10 играат конструктивна улога во нивното општество и да им помагаат на оние околу нив, на кои им е потребна помош;
11 ја научат вистинската вредност на нештата и важноста на семејството и пријателството;
12 водат активен и здрав живот;
13 ги разберат важноста и користа на образованието во сите негови форми;
14 ја разберат и слават својата култура и културата на другите.

## ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

**Член 18**

Граѓаните се здружени во Извиднички Одред Еквинокс Скаут – Штип заради остварување на поширок заеднички интерес и како посебни цели и задачи ги имаат за остварување на приоритетната дејност 94.99 дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место, и следните дејности:

- организира постојана работа и живот во извидничките единици, имајки ги во предвид интересите и желбите на членовите;
- овозможува совладување на извидничката програма, со развивање на внатрешната дисциплина и со создавање на услови за работа во мали и големи колективи со примена на принципот на работа во мали групи- јата и патроли;
- соработува со училиштата и други воспитно образовни институции;
- остварува соработка со други здруженија на граѓани и нивни сојузи кај нас и во светот, со органите на власта и други институции;
- се грижи за издавање извидничка и друга литература од рекламно - пропаганден и воспитно-образовен карактер;
- остварува тесна соработка со родителите на членовите и пријателите на извидничката организација;
- се грижи за оспособување и обучување на извиднички кадри, како една од најприоритетните цели на одредот;
- организира настани со цел за развој на неформалното образование;
- организира натпревари, акции, собири, средби, прослави, семинари, дискусии, трибини и други форми на извиднички активности низ кои меѓу другото се

издигнува и здравиот извиднички дух во рамките на коректниот однос и овозможува и инсистира на живеење според извидничкиот Завет и Законите;
- организира младински туризам посветен во руралните средини за зачувување на старите занаети и промоција на престојот и живот во природа;
- организира кампови, семинари и акции со целосна подготовка на храна, организиран дотур на здрава вода и транспорт на членството;
- организира престој, едукација, натпревари, средби, работилници со ноќевање, подготовка на храна, престој со шатори во природа.

Целите и дејностите на одредот се остваруваат непосредно преку организација, продукција и учество во проекти, настани, фестивали, истражувања, работилници, работни престои и соработки со локални и меѓународни организации и институции.

**Член 19**

**НАЧИНОТ** на остварување на нашата цел е со охрабрување на физичкиот, интелектуалниот, емотивниот, социјалниот и духовниот развој на младите луѓе, со што тие би го достигнале својот целосен потенцијал и како одговорни граѓани би го подобриле општеството преку:

Употреба на Извидничкиот метод:

**Завет и Закони:** да бидат обврзани и да живеат според вредностите кои се содржани во Заветот и Законите;
**Учење преку работа:** да создаваат свои ставови, знаења и вештини стекнати преку практично извршување на задачите;
**Патролен систем:** да бидат дел од мала група на врсници (6- 8), кои се под водство на повозрасен;
**Симболична рамка:** Симболичната рамка е важен елемент од Извидничкиот Метод. Целта е да го нагласи стилот на живеење врз кој е изградено извидништвото и да им претстави позитивни примери на извидниците;
**Природа:** Активности на отворено и искуството стекнато со тие активности;
**Личен напредок:** Извидникот треба да се справува со предизвикувачки, прогресивни и креативни активности и со тоа да го развие во целост својот потенцијал. Со тек на времето треба да му се зголемуваат задолженијата и обврските како би се поттикнал нивниот личен напредок;
**Поддршка на возрасните:** Извидништвото настојува на соработка меѓу возрасните и младите. Нивната соработка се гради врз доверба и взаемна почит. Улогата на возрасните е да им овозможат на младите луѓе да го развијат целосно својот потенцијал.

**Член 20**

**ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ** на одредот се:

**1. Обврска кон духовниот развој.**
- Прифаќање на духовните принципи, лојалност кон верата која ги изразува и прифаќање на обврските кои произлегуваат.

**2. Обврска кон другите.**
- Лојалност кон својата земја, заедно со промоција на локалниот, националниот и меѓународниот мир, разбирање и соработка.

- Учество во развојот на општеството со признавање и почитување на дигнитетот на другиот и интегритетот на природниот свет.

**3. Обврска кон себе.**
- Одговорност за сопствениот развој.

**ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ОДРЕДОТ**

**Член 21**

Членството се воспоставува со доброволно потпишана писмена изјава-пријава и со издавање членска легитимација.

Одлука за приемот во членство донесува началникот на одредот. На одлуката на началникот на одредот може да се поднесе жалба до Старешинството на одредот.

Членовите на одредот имаат еднакви права и одговорности.

Малолетно лице до наполнети 18 години се зачленува во одредот со поднесување изјава за согласност потпишана од неговиот законски застапник.

Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови на одредот со поднесување изјава за согласност потпишана од неговиот законски застапник.

Одредот прима и почесни членови, со одлука на управниот одбор на одредот. Почесни членови можат да бидат и странци.

**Член 22**

Член на одредот може да стане секој жител на Република Северна Македонија, со давање Завет, прифаќање и спроведување на Програмата на одредот и СИМ, работење по Извидничките Закони, почитување на одредбите на овој Статут и активно учество во работата на својата единица и организацијата.

Прием на нови членови се врши во организационите единици на одредот.
Според возраста, членовите во одредот се поделени во пет категории и тоа:

**а) развигорци** - од 7 до 10 години ( од прво до четврто одделение основно образование)
**б) извидници** - од 11 до 14 години (од петто до осмо одделение основно образование);
**в) истражувачи** - од 15 до 18 години (од прва до четврта година средно образование);
**г) Ровери** -од 19 до 29 години;

Заеднички назив на сите членови на одредот е **извидници.**

**Член 23**

Новите членови на одредот по најмалку 3 месеци подготвителен период даваат

завет.

Заветот е ист за развигорците и извидниците и гласи:

*"Давам чесен збор,*

*- дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина Република Македонија,*

*- дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење,*

*- дека секогаш ќе им помагам на луѓето,*

*- дека ќе живеам и работам по извидничките закони."*

**Член 24**

Законите на развигорците гласат:

1. Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2. Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3. Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Законите на извидниците гласат:

1. На извидникот му е чест да му веруваат;
2. Извидникот е корисен;
3. Извидникот е добар другар;
4. Извидникот е учтив;
5. Извидникот е оптимист;
6. Извидникот е верен и одговорен;
7. Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења;
8. Извидникот ја цени природата;
9. Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности;
10. Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата.

**Член 25**

Членството во одредот престанува доброволно и со исклучување.

На лицето доброволно ќе му престане членството доколку, до управниот одбор на одредот достави писмена изјава и враќање на членската легитимација за истапување од членство на одредот.

Лицето ќе биде исклучено од одредот, со одлука на управниот одбор на одредот доколку:

-Редовно не учествува во активностите на одредот,

-Го крши овој Статут или други акти на одредот,

-Потешко го повреди угледот и честа на одредот и извидничката организација воопшто.

Лицето кое е исклучено од членство, има право на жалба до Собранието на одредот чија одлука е конечна. Собранието одлучува на редовна седница.

**Член 26**

Права и обврски на членовите на одредот кои се постари од 16 години се:

- да предлагаат донесување на одлуки и да рамноправно, во согласност со демократските односи во одредот учествуваат во одлучувањето кога можат да примаат одговорност за донесените одлуки.

Со наполнети 18 години да бираат и бидат бирани во органите на одредот и СИМ, да раководат со извиднички единици врз основа на посебно пропишани критериуми.

Права и обврски на сите членови на одредот се:

- да ја спроведуваат програмата, го почитуваат Статутот и учествуваат во активностите на својата единица, одредот и СИМ,

-да ги користат средствата и услугите на одредот и повластиците кои општеството им ги обезбедува на членовите на одредот и СИМ,

-да го негуваат и развиваат угледот на одредот и СИМ,

-да ја носат униформата и ознаките на одредот и СИМ за време на извидничките активности во согласност со Правилникот за униформи и ознаки.

За успешноста во одредот, на поединец или единица може да му биде доделено одредено признание, што е регулира со правилник за награди и признанија.

Да платат годишна членарина чија висина ја одредува Управниот одбор на одредот.

**Член 27**

Од оправдани причини членот може да биде ослободен од плаќање членарина, за што решава во постапка управниот одбор на одредот.

Престанокот на членство во одредот не значи и ослободување од настаните неплатени обврски кон одредот по кој било основ.

## РЕГИСТАР НА ЧЛЕНОВИ

**Член 28**

Годишната членарина се подмирува согласно одлуката на Управен Одбор на Одредот.Одредот води регистар на членови и евиденција на членовите на органите.

Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш годишно

Одредот ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои го побарале тоа.

Податоците од ставот (3) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицираните информации.

**Член 29**

Административни обврски ги раководи Секретар на одредот.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 30**

Во правниот промет со трети лица, одредот го застапува и претставува Претседателот на одредот и други лица по негово овластување..

**Член 31**

Логото на одредот, кое ќе се употребува како официјален знак во работењето на одредот, ќе го определи Собранието на одредот со посебна одлука.

## ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

**Член 32**

Активност на одредот се изведува во следните воспитни, работни и организациони единици

А) Работни единици :

- Јато: Основна воспитна единица за равигорци која брои од 12 до 20 членови.
- Патрола : Основна воспитна единица за извидници која брои од 5 до 15членови.
- Клуб: Основна воспитна единица за истражувачи и ровери која брои од 5 до 15 членови.

**Член 33**

Работните единици на одредот со иста староснa категорија се организираат во основни едници – посади.

Посадата ја раководи предводник кој ја координира активноста и соработката на патролите и јатата во посадата.

**Член 34**

Одредските единици ги формира и расформира управниот одбор на одредот на предлог на советот на водачи.

Секоја одредска единица има свое име, знаме и знак.

Секоја одредска единица ја предводи водач кого го именува и разрешува управниот одбор на одредот по предлог на советот на водачи.

Работата на водачите ја уредува управниот одбор на одредот.

## ОРГАНИ НА ОДРЕДОТ

**Член 35**

Органи на одредот се:

- Собрание на одредот;
- Управнен одбор на одредот;
- Претседател на одредот

**Член 36**

Секој полнолетен член кој има најмалку 2 години извидничко искуство може да се пријави за член на органите на одредот. Мандатот на органите на одредот трае две (2) години со можност за реизбор.

## СОБРАНИЕ НА ОДРЕДОТ

**Член 37**

Собранието на одредот е највисок орган на одредот.
Собранието го сочинуваат сите полнолетни членови на одредот кој имаат најмалку 2 (две) години извидничко искуство. Право на глас стекнуваат и членовите кои имале прекин во членството во одредот по дополнителна 1 година континуирано членство.

**Член 38**

Собранието работи на седници. Седниците на Собранието ги свикува по правило Претседателот на Одредот по сопствена иницијатива или доколку тоа го побараат: - членовите на Управниот одбор - најмалку 1/2 од членовите на Одредот.

Собранието на Одредот е должно да одржи седница најмалку еднаш годишно. Сите одлуки Собранието ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Собранието, освен доколку тоа, со овој Статут не е поинаку уредено.

**Член 39**

Собранието на Одредот:
- избира и разрешува Претседател и Управен одбор на Одредот,
- донесува, менува и дополнува Статут на Одредот,
- донесува Деловник на Собранието на Одредот.
- ги определува задолжителните програмски насоки на Одредот.
- го усвојува финансовиот извештај на Одредот.
- се запознава со информациите, извештаите и забелешките на Управниот Одбор и одлучува по евентуалните предлози изнесени во нив,
- извршува други работи утврдени со овој Статут
-донесува одлика за престанок на работата на одредот со 2/3 мнозинство.
-има право да укине одлука на управен одбор

## УПРАВЕН ОДБОР НА ОДРЕД

**Член 40**

Управниот одбор на одредот е колективен орган на одредот во кој сите членови имаат исти права и одговорности, кој ги спроведува одлуките и заклучоците на собранието на одредот, управува со имотот на одредот, ги подготвува седниците на собранието и поднесува извештај.

За своето работење членовите на Управниот одбор на одредот одговараат пред собранието.

**Член 41**

Управниот одбор на Одредот е извршен орган на Собранието на Одредот.

Управниот одбор помеѓу две седници на Собранието е највисок орган на Одредот што раководи со неговата работа. Управниот одбор го сочинуваат 5 членови од кој еден е Претседателот на одредот.

**Член 42**

Управниот одбор се избира за мандатен период од 2 години, но може да биде разрешено и пред истекот на истиот. Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Одредот.

Постапката за кандидирање за членови на старешинството на одредот ја распишува старешинството на одредот најдоцна 1 месец пред истекот на мандатот на постоечките членови.

**Член 43**

Управниот одбор работи на седници кои ги свикува Претседателот на Одредот, освен во случаи утврдни со Деловникот на Управниот одбор. Сите одлуки Управниот одбор ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

**Член 44**

Управниот одбор на Одредот:

- избира и разрешува Началник на Одредот,
- ја пропишува работата и одлучува за составот на одредските делегации, екипи и други поединечни или колективни претставници на Одредот.
- ја донесува, менува, и дополнува програмата на Одредот.
- го донесува и реализира годишниот финансиски план на Одредот.
- ги обезбедува и одлучува за користењето на материјално-финансиските средства на одредот.
- донесува Деловник на Управниот одбор на Одредот
- се грижи за оживотворување, конкретизирање и реализирање на овој Статут и другите акти на Собранието.
- извршува други работи во согласност со овој Статут и другите акти на Собранието.
- одлучува за годишната членарина,
- извршува други работи кои со овој Статут не се ставени во надлежност на друг орган или тело.
- за својата работа Управниот одбор одговара пред Собранието на Одредот.
- донесува и разрешува заменик старешина на Одред
- донесува и разрешува секретар на Одред.

**Член 45**

Старешинството на одредот може полноважно да одлучува доколку на седниците на старешинството на одредот се присутни мнозинство од членовите на старешинството на одредот.
Старешинството на одредот донесува одлуки со мнозинство од гласовите на присутните членови на старешинството на одредот.
Старешинството на одредот се состанува два пати месечно и по потреба.
Седницата на старешинството на одредот ја свикува старешината на одредот со покана до членовите на старешинството на одредот најмалку 3 дена однапред, освен во итни случаи кога седницата се закажува на друг најпогоден

начин.
Со седницата раководи старешината на одредот, а во негово отсуство друг член
на старешинството на одредот кој ќе го овласти старешината на одредот.
Ако старешината на одредот во рок од 14 дена од денот на поднесениот предлог не свика седница на старешинството на одредот, седницата ја свикува 1/2 од членовите
на старешинството на одредот.
Одлуките и заклучоците кои ги донесува старешинството на одредот на своите седници мора да бидат запишани во записникот од седницата на старешинството на одредот.
Доколку старешината поднесе неотповиклива оставка или настанат пречки во функцијата, на негово место се до првата седница на собранието ќе дојде заменик на старешината.
Во тој случај седницата на собранието се свикува во рок не подолг од два месеци.
Членовите на страешинството не можат да бидат истовремени и членови на управен одбор во одредот.

**Член 46**

Членовите на старешинството на одредот можат да бидат ослободени од одговорностите, по нивно барање пред истекот на нивниот мандат, со одлука на
старешинството на одредот.
Член на старешинството на одредот може да биде разрешен пред истекот на мандатот со гласање на старешинството само во случај кога:
месеци;
- членот не се придржува на одредбите за конфликт на интереси дефинирани во овој
статут и други акти;
- ќе се постигне взаемна согласност дека членството во одредот не е целисходно.
Во случај на смрт, оставка, отказ, заминување во телата или органите на СИМ или WOSM начлен на старешинството на одредот, старешинството има право да
покани нов член од листата на членови кои ги исполниле условите за избор на членови на старешинство да служи во текот на преостанатото време . Доколку нема
такви се покреува иницијатива за свикување на вонредно изборно осбрание.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДРЕД

**Член 47**

Надлежности на Претседателот на одредот се:
- го претставува и застапува одредот
- ги свикува и претседава со состаноците на Управниот одбор на одредот;
- ги закажува и претседава со седниците на собранието;
- го има правото, како и другите членови, да нуди решенија, разговара околу прашања и гласа по нив;
- ги верификува одлуките и актите донесени од Управниот одбор на одредот;
- комуницира со поединечните членови на Управниот одбор на одредот околу нивните одговорности,
- Претседателот е наредбодавач на одлуките на управниот одбор,
- поднесува извештај за работата на одредот во мандатниот период,

За својата работа Претседателот одговара пред собранието на одредот.

**Член 48**

Собранието на Одредот го избира претседателот и истиот, по функција е член на Управниот одбор на Одредот. Претседателот на Одредот:
- го застапува и претставува Одредот,
- раководи со седниците на Управниот одбор и
- извршува други работи утврдени со овој Статут и другите акти на Собранието.
Претседателот се избира за мандатен период од 4 години, но може да биде разрешен и пред истекот на истиот. За својата работа Управниот одбор одговара пред Собранието на Одредот.

**СОВЕТ НА ВОДАЧИ**

**Член 49**

Советот на водачи е извршно тело на управниот одбор на одред со задача за реализација на основната програма и годишниот план и програма на одредот.

**Член 50**

Советот на водачи го сочинуваат началникот на одредот и водачите на работните и организационите единици на одредот.

Работата на советот на водачи ја уредува управниот одбор на одредот.

**НАЧАЛНИК НА ОДРЕД**

**Член 51**

Началникот на одред се грижи за реализирање на програмските активности и спроведување на кадровската политика на одредот за членовите на одредот.
Началникот на одредот раководи со советот на водачи.
Дава предлози за школување и наградување.
За својата работа одговара пред Управниот одбор на одредот.

**Член 52**

Предводниците, водачите и началникот ги именува и разрешува управниот одбор на одредот од активните и истакнати членови на одредот.

**ИЗВИДНИЧКИ ЦЕНТРИ**

**Член 53**

Заради спроведување на програмата преку акции, школување и обука на кадри и остварување на други програмски активности, одредот може да основа извиднички центри.

Статусот, организационата поставеност, начинот на работа, одговорноста и другите прашања од интерес за работа на центрите ги регулира собранието на одредот.

Со извидничките центри на одредот, раководат управни одбори кои ги бира Управниот одбор.

Собранието на одредот донесува правилник за работа на секој од центрите.

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 54**

Органите на одредот полноважно одлучуваат доколку на состаноците се присутни повеќе од половината од членовите кои ги сочинуваат органите, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

Ако за исто прашање постојат повеќе предлози, за усвоен се смета оној предлог што добил мнозинство гласови од присутните.

Со деловникот за работа или со посебна одлука може да се предвиди и посебна постапка за усвојување на одлуките во повеќе кругови на изјаснување, при што во процесот на изјаснување отпаѓаат предлозите со најмал број гласови, сé додека со изјаснувањето не се утврди дали некој од предлозите добил мнозинство гласови од присутните.

**Член 55**

Гласањето во ораните на одредот по правило се врши јавно, а за одредени прашања може да се одлучи да се гласа тајно.

## СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 56**

Ниту еден член на орган на одредот нема право да гласа за одлука која може да му донесе материјална корист нему лично, на неговиот брачен другар или роднина до второ колено.

**Член 57**

Ниту еден член на орган и тело, работно ангажиран член и членовите на нивните семејства не можат да имаат економски интерес во која и да е организација која му продава, издава или добавува добра и услуги на одредот или која е корисник на програмите на одредот.

Членовите на управниот одбор на одредот, работно ангажираните и членови именувани или избрани во тела на одредот, го декларираат интересот во однос на нивните организации и институции и се исклучуваат од релевантно одлучување.

## ИЗБОРИ И РАЗРЕШУВАЊЕ

**Член 58**

Постапката и критериумите за кандидирање, избор, именување и разрешување на членовите на органите и носителите на функции во органите се утврдуваат со одлуки на собранието или управниот одбор на одредот.

**Член 59**

Изборот и именувањето на членовите на органите на одредот се врши со тајно гласање.

Избрани и именувани се оние кандидати кои добиле најголем број гласови, но притоа мора да има повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на членовите на органот кој го врши изборот на кандидатите. Ако при гласањето не е избран потребниот број членови на органот, дополнително се избираат онолку кандидати колку што е потребно за да се пополни составот на органот, на начин што се определува со деловник или што ќе го утврди избирачкото тело.

**Член 60**

Изборот на членови на управен одбор на одредот се врши од собранието. Доколку собранието не изврши избор, тогаш целата постапка се повторува. Мандатот на избраните отпочнува кога собранието ја донесува одлуката.

**Член 61**

Функција во органите на одредот престанува со разрешување или со поднесување оставка.

Одлука за разрешување на член на орган донесува органот на соодветното ниво од страна на оној којшто го извршил изборот, на начин на кој се избираат членовите на органите.

**Член 62**

Предлог за разрешување може да поднесе најмалку 1/2 од членовите на собранието на одредот. Предлогот за разрешување мора да се достави писмено и во него мора да се даде образложение за истиот.

Членот на органот, кој со одлука е разрешен од должноста, има право на жалба во рок од 15 дена до собранието, чија одлука е конечна.

**Член 63**

Оставка се поднесува до органот што го избрал или именувал. Подносителот на оставката има право писмено или усно да ја образложи оставката.

## ОСНОВАЊЕ И РАСПУШТАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКА ФОРМА

**Член 64**

Управниот одбор на одредот може да донесе одлука за основање и распуштање на организациска структура или форма на одредот, согласно статутарните, стратешки и програмски одредби на одредот.

## СРЕДСТВА НА ОДРЕДОТ

**Член 65**

Средства за остварување на утврдените задачи и цели во одредот се формираат од: членарина, прилози, донации, грантови, подароци, добротворни кампањи, лицитации, продажба на имот и слично, придонеси на организации, трговски друштва и на општествени органи и организации, владини средства од буџетот на Република Македонија и локалната самоуправа.

Одредот може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што се основани со средства на здружението во форма на социјални претпријатија и од други извори.

Средствата на одредот се користат за остварување на задачите и целите на одредот во согласност со одредбите на овој Статут и одлуките донесени во согласност со него и со законските прописи.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА ОБВРСКИТЕ**

**Член 66**

За обврските направени во правниот промет со трети лица, одредот одговара со својот имот и средства.

Членовите на органите на одредот одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон одредот, за злоупотреба на средствата на одредот, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на организацијата како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА**

**Член 67**

Членовите на органите на одредот и застапникот по закон се одговорни солидарно за штетата на организацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето. Барање за надоместок на штета поднесува собранието како највисок орган.

**ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ОДРЕДОТ**

**Член 68**

Работата на одредот е јавна.

Јавноста се обезбедува со информирање на јавните гласила, истакнување на соопштенија на огласни табли, веб сајт и други видови на информирање.

За јавноста во работата на одредот и за информирањето на членовите на одредот е одговорен управниот одбор на одредот.

**ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ОДРЕДОТ**

**Член 69**

Одредот престанува:
- ако се утврди дека престанал со работа;
- ако средствата не се доволни за остварување на целите;
- ако го изгуби својот имот;
- ако целта за која е формиран е исполнета или не може да се исполни;
- со стечај и ликвидација;
- со одлука на собранието;
- во други случаи определени со закон.

Лицето кое го застапува одредот е должно за околностите од ставот 1 на овој член да го извести регисерскиот орган во рок од 15 дена по нивното настанување.

**Член 70**

Во случај на престанок со работа на одредот членовите на собранието одлучуваат кој субјект или субјекти ќе го превземат имотот, средствата и правата по престанокот со работа на одредот . Превземач на имотот и средствата на одредот не може да биде трговско друштво.

**ТОЛКУВАЊЕ И ИЗМЕНИ НА СТАТУТ**

**Член 71**

Статутот на одредот е основен општ акт на одредот.

Другите општи акти на одредот мораат да бидат во согласност со Статутот. Одредбите на другите акти кои се во спротивност на Статутот не може да се применуваат.
Статутот на одредот го донесува собранието.

Овој Статут може да се менува со донесување на измени и дополнувања или со донесување на нов Статут.

Право на толкување на Статуот има собранието на одредот а во период помеѓу две седници на собранието тоа право го има управниот одбор.

**Член 72**

Иницијатива за измена на Статутот може да даде секој член на собранието на одредот. Иницијативата за измена на Статуот се доставува до управниот одбор на одредот најмалку 3 (три) месеци пред одржување на седница на собранието.

Статутарна комисија која се креира за секое Собрание ги разгледува амандманите за измена или дополнување на Статутот и на собранието му предлага усвојување на оние амандмани за кои мисли дека се прифатливи.

Измените на Статуот се усвојуваат со просто мнозинство од вкупниот број членови на собранието на одредот.

**Член 73**

Поединечниот акт кој го донесува поединец или орган на одредот, мора да биде во согласност со Статутот и другите општи акти.

Собранието и управниот одбор на одредот може обврската за изработување на предлозите на општите акти да им ја доверат на поединец или на друга организација, кои се стручни за изготвување на бараните предлог општи акти.

**Член 74**

Измените и дополненијата на општите акти на одредот се вршат на начин и според постапката според која биле донесени.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 75**

Овој статут влегува во сила со денот на неговото донесување и регистрација во Централниот регистар.

Извиднички Одред Еквинокс Скаут - Штип

Претседател:
Тошиќ Дарко